Уп. бр. 08-118

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 04.09.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија има намера директно да стекне одредени деловни средства кои се дел од претпријатието ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД, со седиште на Спасовданска 16, Белград, Република Србија и индиректно одредени други деловни средства кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги со седиште на Петрињска улица бр. 61, Загреб, Република Хрватска по пат на купување на деловните средства или пренесување на тие средства на друг начин, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 13.08.2024 година, а дополнето на

14.08.2024 година„ до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија ( во понатамошниот текст (ФЕШН КОМПАНИ д.о.о) со која ФЕШН КОМПАНИ д.о.о директно ќе стекне одредени деловни средства кои се дел од претпријатието ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД, со седиште на Спасовданска 16, Белград, Република Србија и индиректно одредени други деловни средства кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги со седиште на Петрињска улица бр. 61, Загреб, Република Хрватска по пат на купување на деловните средства или пренесување на тие средства на друг начин,.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием, и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистрирана дејност на **ФЕШН КОМПАНИ д.о.о** е неспецијализирана трговија на големо.

ФЕШН КОМПАНИ д.о.о е владејачко друштво на деловна групација која има зависни друштва во соседните земји, а истото е и основач на Фондацијата Forever Friends во Република Србија.

ФЕШН КОМПАНИ едно од најголемите друштва во Србија, активно во модниот бизнис и модната трговија на мало и големо со околу 100 малопродажни места во Србија и регионот (Црна Гора, Северна Македонија, Хрватска, Романија). Во Србија, ФЕШН КОМПАНИ има над 60 малопродажни места, организирани во форма на „монобренд" и „мултибренд" продавници, со локација во Белград, Нови Сад, Ниш, Крагујевац и Инѓија.

Во Северна Македонија, ФЕШН КОМПАНИ д.о.о, има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје – Центар. Регистрираната дејност на ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО е 47.71 – Трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

**Со концентрацијата се стекнуваат следните деловни средства, кои се дел од претпријатието ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД**: XXX[1]

ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД е друштво активно во трговијата на мало со облека, обувки и сродни модни производи во XYZ продавниците лоцирани во трговскиот центар Галерија (Galerija) во Белград и трговскиот центар Променада

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

(Promenada) во Нови Сад. Регистрирана дејност на ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД е неспецијализирана трговија на големо.

ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија, ниту остварила приходи во Северна Македонија преку средствата кои се стекнуваат.

**Со концентрацијата се стекнуваат следните деловни средства, кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги**: XXX

К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги е друштво активно во трговијата на мало со облека, обувки и сродни модни додатоци во XYZ продавниците лоцирани во трговскиот центар City Center one Split. Регистрирана дејност на К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги е трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија, ниту остварила приходи во Северна Македонија преку средствата кои се стекнуваат

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**